Lirim Kadriu, PhD[1]

UDC: 343.352/.353(497.7)
343.85:343.352/.353(497.7)

# LUFTA KUNDËR KRIMIT TË JAKAVE TË BARDHA DHE PARANDALIMI I KËSAJ FORME TË KRIMIT NË REPUBLIKËN E MAQEDONISË SË VERIUT

# БОРБАТА ПРОТИВ КРИМИНАЛОТ НА БЕЛИТЕ ЈАКИ И ПРЕВЕНЦИЈА НА ОВОЈ ОБЛИК НА КРИМИНАЛ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# THE FIGHT AGAINST WHITE COLLAR CRIME AND PREVENTION OF THIS FORM OF CRIME IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

## Abstract

The main focus of this publication is the fight against white-collar crime in the Republic of North Macedonia and prevention of this form of crime, namely the purpose of this publication is to cover this type of crime as a newer form and form of crime or in other words the old criminal activities dressed in a new suit, with a new label and a new moniker within the framework of unconventional crime.

This publication will also show that the modern forms of organized crime have not bypassed the Republic of North Macedonia and the neighboring countries, where they are developing completely new forms and characteristics of action, with a pronounced degree of social, financial and professional danger.

In the following, many dilemmas such as: what does this type of crime mean, in what way and form does it appear in the Republic of North Macedonia, what is the fight against this crime and what are the legal mechanisms for the prevention of this type of crime in the Republic of North Macedonia, will be explained through this publication.

***Keywords:*** *white collars, organized crimes, form, fight against crime, prevention.*

[1] Авторот е доктор по правни науки од областа на казненото право и криминологија.Е-пошта:lirimkadriu83@gmail.com

**Вовед**

Криминалот на белите јаки своето прво претставување во јавноста го има благодарение на Едвин Садерленд во неговото излагање во 1939 година. Истиот го експонира како криминал кој е поврзан со висока позиција, луѓе со моќ, углед и пари. Но од тогаш оваа дефиниција претрпела големи модификации и проширувања, каде што првобитната етикета се надополнила со финансиски, осигурителни, здравствени, банкарски измами. Но едно нешто не се променило, различните ставови на спротивставените табори за сериозноста на последиците и казнување на сторителите. Така едната група залагањата ги темели на фактот дека криминалот на бели јаки не треба да се казнува толку ригорозно и строго како другите категории на криминал, токму поради аргументите дека белиот криминал е ненасилен и нема такви драконски последици како насилните видови на криминал[2]. Оттука и залагањата на фракции автори дека сторителите на белиот криминал не само што не треба да „бидат жртви" на строгите казни, туку треба да бидат сместени во отворените одделенија на затворските установи, каде би имале поголема слобода и помала репресија во однос на полуотворените или затворените оддели на истите тие затвори. Меѓутоа секоја проблематика е нож со две острици. Другата страна на разгледаната проблематика укажува на фактот дека последиците од белиот криминал се долготрајни и можат целосно финансиски да уништат цела група поединци, или да предизвикаат сериозни финансиски реперкусии врз работењето на корпорациите или банкарскиот сектор. Исто така сторителите на овој тип криминал се образовани луѓе кои се на добри позиции, кои користејќи го своето знаење или положба вршат малверзации и криминални активности. Што алудира на фактот дека се луѓе кај кои доминира алчноста, ладнокрвност за да се искористат „дупките" во правото и да се изврши криминал со една цел-поголема финансиска добивка[3]. Поради тоа оваа друга група се залага за далеку поригорозен „третман" при справување со овој криминал. Односно негово казнување со повисоки казни, непривилегиран став при приведување и започнување постапка против сторителите на овој бел криминал.

---

[2] Зорица Мршевиќ, Организиран Криминал, дефинирање - Актуелни проблематики на сузбивање на криминалот, Институт за криминалошки истражувања, Србија, 1999 година, стр. 119-129.

[3] Gender in White-Collar Crime: An Empirical Study of Pink-Collar Criminals, International Letters of Social and Humanistic Sciences, ISSN: 2300-2697, Vol. 4, pp 22-34. Pink Collar Crime vs. White Collar Crime.

**Криминалот на белите јаки и неговата појава во Република Северна Македонија**

Претставата за криминалот во Македонија, во текот на последната деценија во минатиот век била во добра мерка манипулативна, до кое придонесе различните околности на кои требало и се настојувало да се сврти вниманието. Темната бројка на криминалот, масите неоткриени кривични дела и причинители, односно кривични дела чии причинители не се воопшто кривично гонети, покажувала широка тенденција кон исклучително висока вредност.

Кон сето ова придонесе инаку и селективната политика на кривичниот прогон, подредена на политичкото самоволие на моќните лица. Слабиот ефект е особено присутен во минатото кај откривање на причинители на кривичните дела, кое покрај останатото било и последица на тоа што полицијата во 90-тите е трансформирана во насока на нудење на поголема заштита на владејачката елита отколку на интересите на граѓаните. Меѓутоа, повеќе од тоа, сликата за состојба на криминалот се искривувала и била непримерена криминалистичката политика во оној дел кој се однесува на целосна контрола на алтернативно распространетите појави во врска со економскиот криминал и злоупотреба на службата.

Криминалот инаку кој во Македонија во дадениот период најдлабоко ја има потресено е секако криминалот на белите јаки. Девизните и стоковните резерви, примарната емисија и банкарските кредити, државниот буџет и државниот имот, сето она кое се наоѓало во рацете на луѓето на разни високи положби. И тоа во моментот кога населението во Македонија го доживува крахот на комунизмот и распаѓањето на Федерацијата на Југославија, замаглувајќи ги правилата на однесување и правејќи се за да изгледа како што е дозволено и морално во јавноста. При тоа, со дополнување на воените немири, хиперинфлацијата, меѓународната забрана на трговија со Србија, како и богатење при злоупотреба на службени дејности, било крајно расипнички распространето.

Таканаречената политичка полиција на одредени пристапници, како на свои соработници им доверувала деликатни активности, нудејќи им при тоа и замена за можностите да дојдат на високи општествени положби или да се прилагодат на екстремно економската моќ на која се наоѓале. Намалувањето на организираниот криминал и наглиот раст на криминалот на белите јаки во целина во новонастанатите услови во Македонија има неколку карактеристични примероци и ден денес.

Започнувајќи од моментот на приватизација, практично се претставувани озаконети видови на малверзациски лажни вредности, од страна на повластениот менаџмент лобија и политичко економската елита. Социјалните распределби кои се имплементираа во втората половина на 80-тите станува значителна, кон почетокот на 90-тите попримајќи екстремни размери во земјата. Повеќето од угледните бизнис луѓе, кои

значително брзо се имаат збогатено и веднаш по излез од општествените претпријатија застанувале на чело на сопствените и формално влегувајќи во политиката, со цел за дополнително да ја обезбедат својата позиција за што е можно подобра заштита и натамошна реализација на клучните интереси.

Според тоа, едни од најчесто истакнатите криминални активности на белите јаки во Република Северна Македонија се забележува низ огромната зачестеност на корупцијата во корпоративниот свет во државата, како и затајувањето на данокот, каде на трето место се остава и перењето пари како криминална дејност која ја вршат најчесто луѓе кои се наоѓаат високо на скалата на социјалните и економски статуси во Македонија[4].

Владините надлежни инструменти се истакнуваат со недоволна ефикасност за да можат крајно да се изборат со високото ниво на обем и структираност, како и одличната организираност на белите јаки преку имплементирање на корупцијата, корумпирајќи го правосудниот, економскиот, здравствениот, индустрискиот и финансискиот систем во земјата.

Со ваквото однесување во Македонија потврдено се истакнува претпоставката дека нема воопшто поставена ефективна, стабилна и реална основа за имплементирање на ефективна правно-криминалистичка борба со ваквите дејствувања од страна на белите јаки во македонското општество.

Според тоа, ваквата борба како прво, не би требало да се постави во Македонија во вид на медиумска кампања, како што тоа оваа година се применува во останатите европски развиени земји, каде Македонија во борбата против организираниот криминал на белите јаки треба да имплементира пред се една ефикасна, однапред испланирана и промислена законска постапка. Постојат и противници дури на формирањето на посебните институции во Македонија кои ќе може ефективно да се посветат само на овој вид на криминални дејности, индивидуи и групации, не чекајќи од останатите вработени и активни индивидуи во ваквите групи да се предадат самите меѓу себе како што тоа се случува во последната деценија во државата, значително правејќи го комплексен процесот на пронаоѓање на криминалците на белите јаки.

[4] Закон за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам, „Службен Весник на Република Македонија“, бр.04/2008, 57/2010,35/2011 и 44/2012.

**Правните механизми против криминалот на белите јаки во Република Северна Македонија**

Според многу истражувања и различни индикатори, јавното, државно обвинителство, самото по себе, веќе организациски се смета за подготвено за борбата против белите јаки, од каде сметаат дека ова е доволно за имплементирање на ефективна борба, во чија организираност недостига само опремување на ефективни, современи средства и потенцијални, квалитетни кадри.

Секако дека и убиствата дури денес некогаш може да бидат поврзани со организираниот криминал на белите јаки, каде е потребно да се утврди однапред дали поединечните акти имаат врска со групите или влијателните поединци.

Земајќи предвид перењето пари како едни од поактивните зачестени криминални дела на белите јаки, со донесувањето на законот за спречување на перење пари во Македонија, земјата се придвижува на се поголемиот број развиени, демократски земји од современиот свет во настојувањето да се спречи и сузбие најопасниот вид и облик на организираниот криминал на белите јаки.

Според овој Закон, под перење пари се подразбира положување на парите стекнати преку извршување на незаконски дејности на сметка на финансиските институции или останати организации финансови, или пак преку имплементирање на друг начин на вакви пари во легалните финансиски текови[5]. Според законскиот опис на Република Северна Македонија се истакнуваат облици на положување на парите на сметка, како и вклучување на парите во легалните финансиски токови кое најчесто го користат белите јаки, со цел прикривање на нивните траги и правејќи го нивното разоткривање значително потешко.

Додека пак, корупцијата, како еден од главниот и основен подвиг на зачестеноста, зголемувањето на обемноста и структурата и динамичноста на криминалните активности на белите јаки во Македонија, вообичаено се применува криминалистичко распознавање на корупцијата од спонтана, договорена, политичка, судска или општа.

Спонтаната корупција во економскиот свет опфаќа повеќе облици на спонтано корумпирање на јавните службеници или одговорни лица со цел избегнување на нивните законски предвидени обврски, кои се имплементираат без претходен план. Додека пак, договорената е сосема спротивна од спонтаната, истата најчесто се применува во јавните

[5] Закон за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам, „Службен Весник на Република Македонија“, бр.04/2008, 57/2010,35/2011 и 44/2012.

управи во Македонија меѓу белите јаки, подразбирајќи склопување на штетни договори, додела на концесии, контингенти и слично.

Политичката корупција пак, има различни појавни облици, од создавање на познатите црни фондови за финансирање на политички партии, до свесно подметнување на подзаконски, малверзациски акти.

Корупцијата во правосудството е нешто кое најчесто го применуваат белите јаки во Македонија, со цел да избегнат санкции или да ги сокријат своите дела од законот. Ова се сите оние облици на противправно однесување на припадниците во правосудството, кои имаат за последица кршење на начелата на владеење на правата, еднаквост пред законот и слично.

Исто така, општата корупција е зачестена, не толку меѓу белите јаки колку меѓу останатите криминални групи и индивидуи. Анализирајќи ја дефинираноста на поголемиот број на домашните и странските стручни литературни изданија, може да се диференцираат одредени заеднички правни елементи на коруптивното криминално однесување на белите јаки:

- *Противзаконска дејност,*
- *Стекнување на противправни имотни бенефиции*
- *Богатење без правна основа*
- *Негативно влијание на економски односи и предизвикување на одредени пореметувања во економскиот систем*
- *Негативно влијание на останатите во однос на почитување на законодавните рамки*
- *Реализирање на лични интереси на туѓи оштетувања и реализирање на повисок статус, социјален или економски*

Корупциските кривични дела се инкриминирани во македонското законодавство. Всушност во Кривичниот Законик на Република Северна Македонија.[6]

Со хармонизирање на кривичниот Законик на Република Северна Македонија, насочувајќи го кон усогласување со европските закони и меѓународни стандарди и пристапи кон борбата со криминалните бели јаки, државата поттикнува далеку по-ефективни методи во својата борба со ваквиот организиран корпорациски криминал. Според тоа, ваквото хармонизирање истакнува постојано менување, надополнување на Кривичниот Законик, внесувајќи понови кривични дела, имплементирајќи ги нивните законодавни санкции, методи на пронаоѓање и слично.

Со имплементирањето на кривични дела во однос на кривичното дело на корупцијата, законодавните рамки стануваат повеќе обемни и динамични во борбата против коруптивните, криминални активности на белите јаки.

---

[6] Кривичен Законик на РМ, „Службен весник на Република Македонија“ број 37/96.

Покрај тоа, може со сигурност да се забележи дека Република Северна Македонија сеуште се наоѓа на почеток во имплементирање на ефективна правна борба против криминалните активности на белите јаки. Сепак, тоа не значи дека не е ефективна или пак дека нема да доживее успех, она кое останува на законодавните, правосудски власти во Македонија земајќи предвид актуелноста на проблематиката, е имплементирање на современа методика, пристап и техники според теркот на меѓународните европски стандардизации и пристапи, со цел успешно сузбивање и отстранување на белите јаки во корпоративниот свет.

Со ова може со сигурност да се потврди фактот дека значајноста на ефективната борба за превенција и редуцирање на криминалните активности на белите јаки се огледува и зависи од законските решенија присвоени во законодавното кривично право во Република Северна Македонија. Според тоа, одредените споредни законодавства ги пропишуваат мерките насочени кон постигање на така наречените деонтолошки ефекти, односно во таа насока натаму одат со усовршување на законодавството во Македонија преку која се имплементира автономна субјективна кривична одговорност на правните лица.

При тоа, во рамките на законодавните мерки во борбата со криминалната активност на белите јаки се истакнуваат два основни модела на одговорност на правните лица во Македонија за кривичните дела – изведена и автономна одговорност. Моделот на автономната одговорност на правните лица и натаму е далеку помалку застапен во споредното право во однос на моделите на изведената одговорност. Меѓутоа во теорија, често се истакнуваат и нивните криминално-политички предности кои го прават моделот на изведената одговорност се повеќе ефективно при контролата на корпоративниот криминал на белите јаки.

**Конкретните превентивни дејствија и мерки во насока против криминалот на белите јаки во Република Северна Македонија**

Тргнувајќи од опортунистичките структури на делата, криминалните активности на белите јаки може да се гледаат претежно како продукт на интеракција меѓу два процеса. Првиот процес е легитимен и се одвива преку имплементирање на редовните, работни обврски, предвидени активности, додека илегалниот процес се смета за паразитски во однос на првиот. Превентивните активности според тоа, би требало да вклучуваат мерки кои ја намалуваат веројатноста за изигрување на легитимните и зголемување на веројатноста за откривање на илегалните активности и процеси.

Со оглед на разновидноста на криминалот на белите јаки во рамките со појавните облици и начини на извршување, во превенцијата

на криминалните активности на белите јаки во Република Северна Македонија, може да се применат различни постапки.

Заговорниците на ситуацискиот пристап претежно инсистираат на примена на мерки кои ќе бидат ускладени со специфичностите на одредениот вид на кривични дела во македонските претпријатија и организации од страна на криминалните групации и индивидуални лица наречени бели јаки.

Сепак, може да се дадат и одредени општи препораки за превенција на криминалот на белите јаки во Македонија, во чии рамки спаѓаат најпрвин:

- *Подигање на свеста на јавноста за сериозноста на делата*
- *Унапредување на законодавството*
- *Стратегија на саморегулација*
- *Регулирање на пристапот на информациите*

Според тоа, подигање на свеста на самата македонска јавност за сериозноста на ваквите кривични дела и нивните негативни последици по населението и финансиските корпорации и организации во Македонија, се темели претежно на истражувањата изведени врз перцепцијата на јавноста и сериозноста на овој вид криминал во светот и во Македонија.

Во рамките на ваквите истражувања според тоа, се откриваат одредени промени во однос на традиционалното гледање и перцепција на јавноста каде се смета дека кривичните дела на елитите се сметаат за бенигни во однос на кривичните дела на уличниот криминалот, односно конвенционалниот криминал.

Оттука, самото истражување изведено од страна на УНДП од 2009-та година, покажува дека граѓаните на Република Северна Македонија, корупцијата ја сметаат за проблем од висок приоритет, кој по значајноста се наоѓа веднаш по сиромаштво и невработеноста во земјата.

Самите граѓани се свесни за постоењето на овој проблем, но не и властите каде нивната одговорност предлага само примена на стратегија на информирање и подигање на свеста на граѓаните покрај останатите значајни превентивни мерки.

Во овие рамки треба да се споменат и резултатите на една американска студија во која се имплементира компарирање на перцепцијата на сериозноста на криминалот на белите јаки во однос на уличниот криминал укажувајќи на тоа дека граѓаните на САД, извесните облици на криминалот на белите јаки ги сметаат за опасен и далеку понегативен и штетен од криминалот на улица, односно конвенционалниот криминал, или одреден број од нив дури и еднакво негативно и опасно ги сметаат и двата вида.[7]

[7] Piquero, Carmichael, Piquero, 2008.

При тоа, препораките кои се имплементирани во рамките на Конвенцијата на Обединетите Нации против Корупцијата,[8] претежно се однесуваат на промовирање на поширокото учество на општествата во превенција, вклучувајќи го и подигање на свеста на граѓаните, промоција на јавниот интерес и информирање и образование, обезбедување на ефикасниот пристап на информациите и поттикнување на пријавувањето на корупцијата како и на останатите криминални активности.[9]

Една од основните насоки за превенција на активностите на белите јаки за која е исклучително важно да се примени во Република Северна Македонија, земајќи ги предвид нивните ефективни заштити на нивното население, како и на функционалноста и продуктивноста на финансиските, економските институции и организации, и останати владини тела и надлежни органи, се однесува претежно на унапредување на законодавството.

Препораките кои потекнуваат од меѓународното признаени документации на Обединетите Нации, Советот на Европа, во рамките на Европската Унија, и останатите, се однесуваат на развивање на легислативата со цел подобрување на политичкото спречување и сузбивање на различните видови корупција. Во рамките со препораките на Обединетите нации, кои потекнуваат од Конвенцијата на Обединетите нации против корупцијата, со Кривичниот законик на Република Северна Македонија се одредуваат кривичните дела на примања според член 34, како и давање, на според член 36 на мито.

Примањето или давањето мито според КЗ на Република Северна Македонија, се наоѓа во врска со гласањето според членот 323, на злоупотреба на службената положба, член 252 против противзаконското посредување, пречење на правдата, кршење на законот од страна на студијата, јавниот обвинител и неговиот заменик, и ненаменско користење на буџетски средства, вклучувајќи ја и трговијата и влијание на нелегална трговија, перење при, проневера, малверзации и измами.

Треба да се има предвид дека потребите за унапредување на легислативата не се однесуваат само на регулирање на кривичниот законик на Република Северна Македонија, туку и на прописите со кои се влијае на пристапот на информации од јавна значајност, јавните финансии, регулирање на прашањето за надокнада на штета, одземање на стекнатиот имот и слично. Се препорачува исто така и некои алтернативни санкции за извршителите на криминалните активности во самата држава, каде од голема значајност е да се истакнат криминалните дејности на белите јаки, како што санкциските казни, односно имплементирање на парични казни, општествено-корисен труд, различни стратегии на јавно срамотење и слично.

[8] ЕС член 13.
[9] UNODC, 2009.

Во рамките на превенцијата спаѓаат и стратегијата на саморегулацијата, каде е неопходно по пат на интерни правилници, кои предвидуваат санкции за одреден вид на недозволено однесување, надворешна регулација, да ги регулираат однесувањето на лицата во работноо опкружување на приватните и државните претпријатија и институции, јавните служби и слично.

Меѓутоа уште поважно е и во рамките на стратегијата на саморегулацијата да се овозможи интернализирање на тие норми од страна на вработените преку внатрешната регулација.

Истражувањата покажуваат дека стратегиите на саморегулација и побудување на етичкото просудување на вработените, имаат силно влијание на превенција на криминалот на белите јаки. Според тоа, вработените најпрвин ги почитуваат правилата на организацијата доколку веруваат дека истите имаат легитимитет, каде во истите рамки треба да се поклопуваат со веќе присвоените сопствени морални вредности и дека е природно истите да се почитуваат, бидејќи ги доживуваат како свои.

Важен сегмент на саморегулацијата се однесува и на имплементирање на препораките на Обединетите нации за формирањето на етичките кодекси на државата при функционирањето со кое би се регулирале прашањата на конфликт на интереси, непристрасност, чување на информации од јавен интерес, примање на податоци, контрола на имотна состојба и слично.

Различните меѓународни, регионални и национални организации ги подржуваат формирањето на етичките кодекси на одредените професии како што се докторските службени лица, правните лица, адвокати и слично. Препораката се однесува на етичките кодекси на специфичните професии каде треба истите да бидат универзални, специфични како и да може доволно да бидат флексибилни со цел за да може да се прилагодат на општествените промени.

Во овие рамки на превентивни мерки од голема значајност е и регулирање на прашањата на пристапот на информациите – право на пристап до информациите од јавно значење е едно од клучните претпоставки за борба против корупција. Законот за слободен пристап до информациите од јавно значење, пропишува обврска за објавување на информациите за работење на јавните институции.

Содржината на податоците за работење во институциите е предвидена со Закон, додека пак, другите прашања во врска со начинот на објавување и детална содржина на изработениот Прирачник за примена на законот за слободен пристап на информациите, е исто така од јавно значење на доверителите за информации кои се важни за населението во Македонија.

Сепак, земајќи ги предвид современите земји и нивните фокусирања на превентивни мерки и современи пристапи кон искоренување на криминалните активности на белите јаки, како и нивно сузбивање, Македонија и македонските надлежни органи исто така треба да ги земат

предвид и медиумите со цел истакнување на важноста и подигање на нивото на совест за опасните, негативниот импакт кој всушност криминалните активности на белите јаки го имаат врз националната економија и социјалната, здравствената и економската благосостојба на населението.

## Conclusion

Essentially, organized crime is a specific form of modern types of criminal behavior which in most features, taking into account especially organized white-collar crime, differs significantly from traditional criminal activities, both in national and international scales. In that sense, literally, not a single continent or country in the world is spared from organized white-collar crime today. With this, the modern forms of organized crime have not bypassed the Republic of North Macedonia and the neighboring countries, where they have completely new forms and characteristics of action, with a pronounced degree of social, financial and professional danger.

Despite the volume and growing tendency of organized crime, theoretical research lacks the study and definition of the essential occurrence of white-collar criminal activities. How to suddenly invent the fact that the implementation of clear definitions of the subject is the first assumption for its not only successful study and understanding, but also for its successful suppression and prevention.

The numerous problems of defining the phenomena of organized crime in relation to white collars, prompt dilemmas between various related terms that in some cases act as synonyms, and in others as completely separate phenomena, while in certain directions they also stand out as terminological patterns that influence each other and originate from each other.

This especially refers to the notions of inadequate terminological delimitation that refers to the very phenomenon of crime and transnational white-collar crime.

First of all, what can be freely concluded is the fact that the organized crime group of the white collar represents a hypothetical concept of the criminal organization according to which, according to all the criteria, the content does not necessarily belong to the organized crime, which includes financial crime, economic crime, computer crime and similar. The criminal activities of the white collars are actually highlighted through the exceptional implementation of criminal actions through the abuse of the professional official activity within which the actors, i.e. the individuals and the criminal groups have a higher social status or economic status in the social environment in which they operate.

It is interesting to note that still, the researches focused on other negative, i.e. independent variables in the given problem, such as the organizational characteristics of a corporation, the year and type, the scale of the organizations, have a certain influence towards the precise determination of

the correlation that may exist between the social set of circumstances and the frequency and dynamism of white-collar criminal activities.

From here, only one thing can be confirmed with certainty – developed countries know very little about the special distribution of white-collar criminal activities, much less about the psychological, social factors that influence the frequency of such activities among white-collar workers, although much more focuses on the knowledge of individual white-collar criminals, who are increasingly caught red-handed in corporate crime.

It is even speculated that companies and their corporate behavior are another factor in encouraging white collar criminal activities, considering their low level of moral behavior, ineffective implementation of corporate policy of operation, disrespect and exploitation of employees, low wages and benefits, lack of motivation and the like.

However, despite all the other factors that can also be listed within their influence on the initiation and provoking of organized criminal groups, known as white collars, the biggest question arises, which refers precisely to the preventive measures of suppression and uprooting, removal of such criminal groups in corporations and today's modern organizations. Taking into account this concept of thinking, most developed countries in Europe and the world even have a bigger dilemma in the effectiveness of opening special competent agencies that will direct their effort only towards finding, exposing and suppressing such criminal groups in the business and economic world.

As for the Republic of North Macedonia, in relation to this type of crime, i.e. analyzing criminal activities, their scope, structure and dynamism of white collars in the corporate world in Macedonian society, it is still at the beginning in finding preventive measures and ways to prevent them. However, what is certain is the fact that Macedonia, or rather the national economy of the country and the Macedonian population suffer huge damages from year to year, due to the increasing activity and inability to detect the white collars in the high Macedonian state corporations and institutions

For this purpose, legislative frameworks and their change, i.e. harmonization with European international standardizations, as well as the increasing activity of the media, may be the first major steps that Macedonia needs to take in terms of effectiveness in the fight against white collars. This effectiveness of action will not only be able to protect the country and financial institutions from greater losses, but will be able to bring the country closer to European laws and thus to the European Union.

**Рецензенти:**
**Проф. д-р Беса Арифи**
**Проф. д-р Исмајл Зејнели**

**Користена литература**

Арнаудовски, Љ. „Криминологија'' Универзитет во Штип, 2 Август 2007

Benson, M., Mandensen, T., Eck, J., (2009), White-collar crime from an opportunity perspective. In: S. Simpson, Besley, Timothy J., and Marta Reynal-Querol. "Do Democracies Select More Educated Leaders?" American Political Science Review2012.

Best, Heinrich. "New Challenges, New Elites? Changes in the Recruitment and Career Patterns of European Representative Elites." Comparative Sociology2007.

Clinard, Marshall B. and Richard Quinney Criminal Behavior Systems: A Typology. New York: Holt, Rinehart & Winston, 2002

Council of Europe Convention on Cybercrime CETS No.:185 2011

Council of Europe, GRECO (2009) Third Evaluation Round.Evaluation Report on Ireland Incriminations (ETS 173 and 191, GPC 2).Adopted by GRECO at its 45th Plenary Meeting (Strasbourg, 30 November – 4 December 2009). Strasbourg: GRECO Secretariat, Council of

Croall, H., (2001), Understanding white collar crime. UK

D. Nelken (ed.) (1994a) White Collar Crime. The Oxford Handbook of Criminology

Department of Justice, Equality and Law Reform Interdepartmental Committee to Combat DVD Piracy. Dublin.(2008)

Doob, A.N. (1995) 'The United States Sentencing Commission Guidelines: If You Don't Know Where You are Going, You Might Not Get There' in Clarkson, C. and Morgan, R. (eds) The Politics of Sentencing Reform, Oxford, Clarendon Press.

Камбовски, Владо „организиран криминал" правен факултет „Јустинијан Први", Скопје

Мајк Мегваер, Род Морган и Роберт Рајнер, Оксфордски прирачник за криминологија (превод)

Sutherland, Edwin Hardin (1949). White Collar Crime. New York: Dryden Press.

Stephen S. Trott, Dep't of Justice, The Successful Use of Informants and Criminals as Witnesses for the Prosecution in a Criminal Case, in PROSECUTION OF PUBLIC CORRUPTION

Steven Klepper & Daniel Nagin, Tax Compliance and Perceptions of the Risks of Detection and Criminal Prosecution, 23 LAW & SOC'Y

Tayler, T. R., (2009), Self-regulatory approaches to white-collar crime: The importance of legitimacy and procedural justice. New York, NY: Springer.

Toni Makkai & John Braithwaite, The Dialectics of Corporate Deterrence, 31 J. RES. CRIME & DELINQ

UNODC (2004), United Nations Convention against Corruption. New York, NY:

U.S. Department of Justice, Federal Bureau of Investigation (1996). National Incident-Based Reporting System: Data Collection Guidelines. Washington, D.C.: Government Printing Office

Vibeke Lehmann Nielsen & Christine Parker, Testing Responsive Regulation in Regulatory Enforcement, 3 REG. & GOVERNANCE

Waring, E., (2001), White-collar crime and criminal careers. Cambridge: Cambridge University Press.

Закон за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело, „Службен весник на Република Македонија" број 46/2004

Кривичен Законик на Република Македонија - „Службен весник на Република Македонија", бр. 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7 /08 , 139/08 , 114/09, менување и надополнување – Службен Весник бр.51/11, 135/11, 185/2011, 142/2012, 166/2012, 55/2013

**Интернет извори**

http://www.pravo.org.mk
http://www.ckfraud.org/whitecollar.html
http://www.fbi.gov/stats-services/about-us/cjis/ucr/nibrs/nibrs_wcc.pdf
http://www.fb.uklo.edu.mk/Penologija/PROFESIONALEN%20KRIMINALITET.pdf